ИЗЛОЖБИ

# Небомантија

***Кон четвртата самостојна изложба на Славица Јанешлиева во CIX gallery, Центар за современи уметности во Скопје***



Славица Јанешлиева дипломирала на ФЛУ - Скопје во 1996 година (во класата на проф. Зоран Јакимовски), а магистрирала во 1998 година на истиот факултет (под менторство на проф. Димитар Малиданов). Член е на ДЛУМ од 1997 година. Зад себе има повеќе групни изложби во земјава и странство, а ги има добиено наградите: Откупна награда на 28. Графичка изложба на ДЛУМ (1998) и СИАБ' 97 - II награда.

Последниот проект на Славица Јанешлиева под наслов „Вештини" повторно претставува спој меѓу инсталацијата и графиката. Во последните 4-5 проекти, како знак за својата препознатливост, авторката го поставува просторот во функција на делата, а на графиката се задржува поради можноста за мултиплицирање. Во претходните случаи, класичната графика ја поставува во просторот за да постигне трета димензија, а во овој проект најмногу се оддалечу-ва од класичните графички техники.



„Небомантија" е просторна (амбиентална) инсталација составена од 12 дигитални фотографии, отпечатени на платна, кои се сошиени во вид на перници и поставени слободно да висат во просторот. Тие претставуваат асоцијации на облаците што ги бара авторката. Во овој случај, асоцирајќи на небо, се асоцира на небо со облаци. Видео бимот со забрзана снимка на облаци ја означува минливоста на информациите што можат да се прочитаат од нив. Облаците делуваат мошне реално, фотографирани се во период од неколку месеци, а видео бимот е направен на ист принцип - преку долготрајно набљудување на оваа природна појава.

Терминот „небомантија" претставува кованица изведена од зборовите небо и мантија, а потекнува од хиромантија - гледање на дланка и останатите „мантии". Појдовен момент е истиот принцип при гледање на кафе - барање одредени форми. Тематски, опфатени се 10 соѕвездија, еден ангел и еден архангел. Според повеќе верувања на различни древни народи, ангелите се небесни суштества. Секој ангел е чувар на своја ѕвезда, а група ѕвезди оформуваат соѕвездија (Пегаз, Риби, Делфин, Големо куче, Голема мечка, Орел, Шкорпија, Коза-јарец, Бик, Птица). На некој начин, облаците се олицетворение на соѕвездијата, како информации пратени од вселената. Од набљудувачот се очекува да ги протолкува овие информации.

Инаку, основната идеја е препознатливост на формите, комбинирана со астрологијата и „гатање" според облаци. Секогаш кога постои некоја форма што не е доволно јасна, човекот е склон кон правење асоцијации на (со) нешто што му е познато. Различните форми различно се толкуваат. Толкувањето произлегува од претходно добиените информации. Затоа се дадени други илустрации (репродукции од уметнички слики, фрески и астрономски слики на соѕвездија), кои авторката ги има како информација и им ги нуди на гледачите за да ги препознаат онака како што таа ги препознава. Во краен случај, таа го наведува набљудувачот да го препознае она што таа го гледа и да се поистовети со неа, односно се бара некој вид индиректна интерпретација во толкувањето на формите.

Маја ЧАНКУЛОВСКА

1287, 3.11.1999